Република Северна Македонија
Министерство за транспорт и врски
Државен инспекторат за градежништво и урбанизам

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ
INSPEKTORATI SHTETËROR PËR NDËRTIMTARI DHE URBANIZËM
Бр.-Nr. 01-377
15.07. 2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ ЗА ПЕРИОД (01.01. – 30.06.) 2024 ГОДИНА

Фатмир Арифи

Дел.Бр. ______________________

в.д Директор

Датум: ______________________

Место: ______________________ (м.п.)

**Република Северна Македонија**
**Министерство за транспорт и врски**
**Државен инспекторат за градежништво и урбанизам**

Врз основа на член 35 став 1 од Законот за инспекциски надзор („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр.102/19) и Правилникот за содржината и формата на годишниот план за работа на инспекциска служба („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 238/19) Директорот на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам поднесува Извештај за работата на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам за период (01.01-30.06) 2024 година на разгледување и добивање на мислење од Председателот на Инспекцискиот совет

## Резиме


Шестмесечниот извештај ја преставува работата на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам во полугодишниот период (01.01-30.06) 2024 година. Во него се содржани активностите и задачите што ги поставивме пред себе согласно Годишниот план за работа на Државниот инспекоторат за градежништво и урбанизам за 2024 година бр.01-866/1 од 08.11.2023 година, кои план го преточуваме во Месечните планови кои уредно се доставени и проследени до службите на Инспекцискиот совет со кои може да заклучиме дека имаме фер и професионален однос на соработка.

Во овој извештаен период, како поважни случувања во областа која е предмет на инспекциски надзор за одбележување на фактот дека генерално состојбите се уредни и вообичаени, своите активности на терен ги усогласуваше и ги спроведуваше активностите согласно месечните планови кои беа носени во законски предвидените рокови.

Активностите во смисла на вршење на инспекцискиот надзор може да се оценат како постојани и континуирани и при тоа да се констатира фактот дека оваа оценка е резултат на доброто менаџирање со Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам.

Со сумирање на овој извештај може да заклучиме дека предвиденото се преточи во реализирано, кое е опфатено во поглавјата кои се составен дел на овој извештај и тоа:

Анализа на ризици - Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам е на самиот почеток на воспоставување на процесот за управување со ризиците и врз основа на член 32 став 4 од Законот за инспекциски надзор, донесе *Методологија за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори*, со архивски број 01-578/1 од 05.10.2020 година,со помош на консултант доделен од Инспекциски советот во рамките на проектот *„Поддршка за подобрување на ефикасноста на инспекциските служби*“, финансиски поддржан од Европската банка за обнова и развој, во компонентата која се однесува на изработка на Методологиите за проценка на ризик, со цел да се воспостави рамка во која ќе се вгради и ќе се развива управувањето со ризици во самиот процес на инспекциски надзор, односно насочување на ресурсите на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам онаму каде ризикот за сериозни неправилности е најголем, а при тоа користејќи минимум потребно ниво на интервенција за да се обезбеди усогласеност.

Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам е орган во состав на Министерството за транспорт и врски и има статус на правно лице, со сопствена буџетска сметка како буџетски корисник од прва линија, самостојно спроведува постапки за вработување согласно законот и одлучува за правата и обврските од работен однос на правното лице.

Со Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, раководи Директор кој го назначува Владата на Република Северна Македонија, во негово отсуство со инспекторатот раководи лице по овластување на директорот.

Кадровската екипираност на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам се состои од 23 (дваесет и три) вработени, од кои освен Директорот на инспекторатот, останатите се со статус на административни службеници и се во состав на 5 (пет) одделенија.

Инспекциски надзор се одвиваше според планираните месечни планови и во координација со субјектите на надзор.

Во текот на извештајниот период во полугодишнето (01.01.-30.06) 2024 година, Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам имаше реализирано обуки и стручни оспособувања на инспектори (согласно член 16-а точка 10 од Законот за инспекциски надзор), кои предвидува донесување и спроведување на годишни програми за стручно оспособување и усовршување на инспекторите, се со цел да се препознае важноста на обуката во развојот на професионални и компетентни инспектори, кои претставуваат една од основните алки во успешно спроведување на законските и подзаконските акти во државата.

Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам за 2024 година од Буџетот на Република Северна Македонија (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 287 од 20.12.2021 година) има одобрен буџет од 17.468.000,00 денари. Полугодишната реализација на средствата изнесува 9.546.896,00 денари.

Во делот на Меѓународната соработка се стремиме кон доследно спроведување на Закон за градење, Закон за урбанистичко планирање и Закон за инспекциски надзор како и усогласување на законодавството, согласно со правото на Европската унија и меѓународните стандарди и принципи.

Како други активнсти неможе да ги занемариме дејствијата кои произлегуваат од сите пристигнати претставки, барања за информации од јавен карактер и останати укажувања од физички или правни лица на кои инспекторите и останатите служби во состав на инспекторатот се процесуирани во законски предвидените рокови.

## Управување со ризици

Основна задача на Државниот инспекторат за градежнитво и урбанизам е да ги идентификува субјектите кои при вршењето на дејностите не се придржуваат кон законската регулатива и да преземе мерки за нивно санкционирање и санирање на повредите на законските процедури. Законската рамка која се регулира во секторот за инспекциските надзор опфаќа спектар на закони и подзаконски акти со кои се уредува организацијата, надлежностите и постапката на вршење на надзор од страна на секој инспектор во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам.

Менаџирањето на ризици, едноставно кажано, значи насочување на ресурсите на инспекцијата онаму каде ризикот за сериозни неправилности е најголем, воедно користејќи минимум потребно ниво на интервенција за да се обезбеди усогласеност. Ефективните принципи на менаџирање со ризици бараат прибирање и пристап до релевантни податоци, определување на ризикот врз основа на тие податоци и фокусирање на инспекциските активности кон најголемите ризици кои ќе се идентификуваат.

Заради тоа, управувањето со ризици е од исклучителна важност и претставува составен дел од секојдневното работење на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам. Тоа подразбира воспоставување ефикасен систем на внатрешни контроли, кои треба да се засноваат на идентификување на ризици, утврдување на степен на ризици при планирањето на инспекциските надзори, проценка на нивната веројатност и ефект/влијание, следење и оценка за ризиците како и утврдување на соодветни внатрешни мерки.

Управувањето со ризиците овозможува:
- донесување поквалитетни одлуки,
- подобро предвидување и оптимизирање на расположливите средства и ресурси,
- согледувањена приоритетите, како и
- избегнување на идните проблеми кои можат да се појават при реализацијата на поставените цели.

Целта на управувањето со ризик е да ги доведе ризиците во Инспекторатот на прифатливо ниво со спроведување на мерки кои ќе ја ублажат веројатноста за настанување на ризикот и влијанието на реализацијата на ризик.

Ризиците се природен дел од секојдневните активности и не може да се избегнат, но може само да бидат управувани.

Тоа значи дека треба да се утврди одредено ниво на "прифатлив ризик" за секој конкретен случај во анализата. Прифатлив ризик е степенот на ризик што раководството е подготвено да го прифати во постигнувањето на своите цели.

Утврдувањето на ризикот вклучува лоцирање на потенцијалните ризици и причината за појавата на ризиците, како и потенцијалните последици од ризиците.
Според „Правилникот за елементите на проценката на ризикот, како и зачестеноста на спроведувањето на инспекциски надзор врз основа на проценката на ризик („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.247/2019), елементите за проценка на ризик се: тежината на штетните последици и веројатноста за случување на штетните последици. Со Методологијата за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори се пропишува начинот на проценка на ризик, преку идентификација на специфичните ризици во надлежност на контролата од страна на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам и мерењето на степенот на ризиците, а со цел ефективно и ефикасно планирање на обемот и зачестеноста на надзорот над субјектите во областа на градежништвото и урбанизмот.

Како основ, при изготвување на Годишниот план за 2024 година, земени се податоци од месечните, полугодишните и годишните извештаи од областите за кои е надлежен Инспекторатот, законската регулатива и сл. Оттука, произлегува дека проценката на ризиците е извршена врз основа на два вида влезни информации за проценка на влијанието на ризикот и проценка на веројатноста за појавување на ризикот.

Зачестеноста на инспекциските надзори и ангажираните ресурси ќе бидат пропорционални со нивото на ризик и активностите на надзорот и ќе бидат насочени кон намалување на реалниот ризик наметнат со неправилностите во работата кај субјектите под надзор. Зачестеноста на вршење на инспекциски надзор зависи од степенот на ризик на субјектот.

Под ризик се подразбираат штетните последици кои можат да настанат и да го загрозат јавниот интерес и безбедност, преку неправилното уредување, хуманизација, нарушување на природните и културните вредности на просторот како и работи од областа на градежништвото а се поврзани со изградба на градби од значење на Републиката.

Основни цели на управување со ризици е доследна примена на законите кои го уредуваат градењето како и примена на законот кој дозволува утврдување на статусот на безправно изградените објекти. Други цели се и постојана идентификација, оцена и контрола на ризиците во постапката на изработка, донесување и спроведување на урбанистичките планови, како и користење на ресурсите за минимизирање на штетните

последици по рамномерен просторен развој, рационално уредување и користење на простор, создавање и унапредување на услови за хумано живеење и работа на граѓаните, надминување на урбаните бариери на лица со инвалидет, сочувување на квалитет и унапредување на животната средина и природа, справување со климатските промени, сочувување и заштита на недвижно културно наследство и безбедност од природни и технолошки катастрофи и хаварии.

Целите се остварливи со примена на начелата во градежништвото за изградбата на градбите кои се од значење на Републиката, а во урбанистичко планирање: преку интегрален начин во планирањето, грижа и развој на регионалните особености, остварување на јавниот интерес и заштита на приватниот интерес, јавност во постапката за изработка, донесување и спроведување на плановите, инклузивност и партиципативност во постапката, хоризонтална и вертикална усогласеност и координација во планирањето, уважување на стручно утврдени факти и стандарди.

Работите на инспекциски надзор над примената на Законот за градење и прописите донесени врз основа на истиот закон ги вршат градежни инспектори на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, кои се надлежни да вршат инспекциски надзор над градби од прва категорија. Градежниот инспектор при вршењето на инспекцискиот надзор проверува дали овластениот градежен инспектор при општината ги врши работите согласно со истиот закон.

Согласно Законот за урбанистичко планирање ДИГУ преку урбанистичките инспектори проверува дали постапките за изработка, донесување и спроведување на урбанистичките планови се спроведени согласно одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на него.

## Организација и раководење

(а) Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам е орган во состав на Министерството за транспорт и врски и има статус на правно лице, со сопствена буџетска сметка како буџетски корисник од прва линија, самостојно спроведува постапки за вработување согласно законот и одлучува за правата и обврските од работен однос на правното лице.

(б) Со Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, раководи Директор кој го назначува Владата на Република Северна Македонија, во негово отсуство со инспекторатот раководи лице по овластување на директорот.

Со работата на секторите во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, раководат раководители на сектори, а во нивно отсуство ги заменуваат помошниците раководители на сектори и со одделенијата раководат раководителите на одделенијата, а во нивно отсуство ги заменува еден од стручните административни службеници со највисоко звање во одделението, кој ќе го определи директорот на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам.

Заради ефикасно работење и целосно остварување на работните задачи на Инспекторатот, се формира колегиум со минимум еден состанок неделно, во состав:

- Директор на инспекторатот;
- Државен советник;
- Раководители на сектор;
- Помошници раководители на сектор;
- Раководители на одделенија и
- Раководители на независни организациони единици.

По потреба или во отсуство на член на колегиумот, на состнокот на колегиумот ќе присуствуваа друг државен службеник од нивото Б или В.

(в) Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам врши инспекциски надзор над следните закони:

- **Законот за градење** („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 59/11, 13/12, 39/12, 144/12, 25/13, 70/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23);
- **Законот за просторно и урбанистичко планирање** („Службен весник на Република Македонија“ 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 90/17, 64/18 и 168/18);
- **Законот за урбанистичко планирање** („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20 и 111/23)
- **Законот за инспекциски надзор** („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/19);
- **Закон за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност** („Службен весник на Република Македонија“ бр.199/14, 147/15 и Службен Весник на Република Северна Македонија 18/20);
- **Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер** („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19);
- **Закон за општата управна постапка** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15);
- **Закон за постапување по претставки и предлози** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/08, 13/13, 156/15 и 193/15);
- **Закон за административни службеници** („Службен Весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16, 11/18, Службен Весник на Република Северна Македонија 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22);
- **Закон за вработените во јавниот сектор** („Службен Весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18, Службен Весник на Република Северна Македонија 143/19 и 14/20);
- **Закон за работните односи** („Службен Весник на Република Македонија“ бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18, Службен Весник на Република Северна Македонија 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23);
- **Грански колективен договор** („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/20) и
- **Закон за безбедност и здравје при работа** („Службен Весник на Република Македонија“ бр.92/07, 136/11, 23/13, 25/13 , 137/13, 164/13, 158/14, 15/15, 129/15, 192/15, 30/16 и Службен Весник на Република Северна Македонија 18/20) и други закони.

(г) Внатрешната организацијата на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам се утврдува на начин што обезбедува законито, стручно, ефикасно и економично вршење на работите и задачите од делокругот на работа на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, сервисна ориентираност кон граѓаните и правните лица, независност и одговорност при вршењето на службените задачи, соработка со други органи, приспособливост на организациските единици кон надлежноста на органот и кон потребите на граѓаните како и едноставност во хиерархиската поставеност на организациските единици.

При утврдувањето на внатрешната организација на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам се тргнува од неговата надлежност утврдена со закон, карактерот, обемот и степенот на сложеност на работите, нивната меѓусебна поврзаност и други услови за нивно ефикасно вршење.

Во зависност од видот, обемот и степенот на сложеноста на работите и задачите во Инспекторатот, меѓусебната сродност и поврзаност на тие работни задачи и другите услови потребни за нивно извршување, во Инспекторатот се формираат следните организациски единици:

- Државен советник;
- Сектори и
- Одделенија.

Организациски единици

Во Инспекторатот се формираат следните организациски единици:

1. Државен советник
2. Сектор за инспекциски надзор од областа на градежништвото и урбанизмот
   - 2.1. Одделение за инспекциски надзор од областа на градежништвото
   - 2.2. Одделение за инспекциски надзор од областа на урбанизмот.
3. Сектор за нормативно правни, општи и други работи
   - 3.1. Одделение за нормативно правни, општи и административни работи
   - 3.2. Одделение за јавни набавки, информатичка и комуникациска технологија

Во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам се формираат следниве независни организациски единици и тоа:

4. Одделение за управување со човечки ресурси и
5. Одделение за финансиски прашања.

(д) Кадровската екипираност на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам се состои од 23 (дваесет и три) вработени, од кои освен Директорот на инспекторатот, останатите се со статус на административни службеници и се во состав на петте одделенија.

Освен Секторот за инспекциски надзор од областа на градежништвото и урбанизмот во чии состав се двете одделенија и тоа:

Одделенија за инспекциски надзор од областа на градежништвото во чии состав се 1 (еден) советник градежен инспектор, 1 (еден) Самостоен градежен инспектор и 1 (еден) Помлад градежен инспектор. и

Одделение за инспекциски надзор од областа на урбанизмот во чии состав се 1 (еден) советник урбанистички инспектор и 1 (еден) самостоен урбанистички инспектор кој согласно Законот за инспекциски надзор (Службен весник на РСМ бр.102/2019), кандидатите а инспектори кои се вработени по започнување со примена на овој закон, се стекнаа со лиценца за инспектор од соодветна област, по поминатата обука во времетраење од 3 (три) месечна интерактивна обука која ја испорачува Инспекцискиот совет (член 42 став 1), го положија општиот дел од испит (член 43 став 2) и согласно (член 42 став 2) девет месечна практична работа и обука на работно место, под надзор на ментор во инспекциската служба каде е вработен, ќе се стекне со лиценца за инспектор во јули 2024 година.

Останатите се распоредени во одделенијата како подршка на инспекторатот и се 17 (седумнаесет) административни службеници кои вршат административно технички и оперативни работи како што се водење на деловодна книга, книга на претставки, одржување на моторни возила, јавни набавки, работни односи, пристап до информации од јавен карактер, водење на информативен систем за управување со човечки ресурси и

административни службеници кои се во состав на одделението за финансиски прашања кои иако се со најниски звања сепак ги извршуваат работите задачи на нивото на кое му прилега на инспекторатот.

Инспекцискиот надзор го вршат:

- 2 (два) советници инспектори;
- 1 (еден) Самостоен градежен инспектор и
- 1 (еден) Помлад градежен инспектор
- 1 (еден) Самостоен урбанистички инспектор кој е на девет месечна практична работа и обука на работно место, под надзор на ментор во инспекциската служба.

*Табела 1 Преглед на бројот на инспектори кои вршеле инспекциски надзор во полугодието, (01.01.-30.06.) 2024 година по вид, возраст и звање*

| Вид | Градежен инспектор | | | | | | Урбанистички инспектор | | | | | | Вкупно инспектори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво – Звање / Возраст | < 30 г. | 31 – 40 г. | 41 – 50 г. | 51– 60 г. | > 60 г. | вкупно | < 30 г. | 31 – 40 г. | 41 – 50 г. | 51– 60 г. | > 60 г. | вкупно | < 30 г. | 31 – 40 г. | 41 – 50 г. | 51– 60 г. | > 60 г. | вкупно |
| Б1 – Генерален инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| Б2 – Главен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| Б3 – помлад главен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| Б4 – виш инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| В1 – советник инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | **2** |
| В2 – самостоен инспектор | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | **1** |
| В3 – помошник инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| В4 – помлад инспектор | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | **1** |
| **ВКУПНО** | **0** | **1** | **1** | **0** | **1** | **3** | **0** | **0** | **1** | **0** | **0** | **1** | **0** | **1** | **2** | **0** | **1** | **4** |

***Напомена:*** ***Во Табелата 1 е прикажан бројот на инспектори кои вршеле инспекциски надзор во првото шестомесечје 2024 година.***

*Табела 2 Преглед на нови вработувања и пензионирања на инспектори во полугодието ( 01.01.-30.06) 2024 година*

| Вид | Градежен инспектор | | | Урбанистички инспектор | | | Вкупно инспектори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво- Звање/Возраст | Вработување | Пензионирање | Разлика | Вработување | Пензионирање | Разлика | Вработување | Пензионирање | Разлика |
| Б1 – Генерален инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2 – Главен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б3 – Помлад главен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 – Виш инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В1 – Советник инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В2 – Самостоен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В3 – Помошник инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4 – Помлад инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ВКУПНО** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

## Инспекциски надзор

Инспекциските надзори во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам се врши врз основа на Годишен план и Месечни планови за работа. Инспекциските надзори во овој шест месечен период беа спроведувани од страна на следните инспектори:

- Зоранчо Самарџиски - Советник градежен инспектор
- Јетон Рустеми - Самостоен градежен инспектор
- Јетон Бучи – Помлад градежен инспектор и
- Наташа Мирошниченко Велјановска – Советник урбанистички инспектор

Напоменн: Во извештаниот период кандидатпт за Самостоен урбанистички инспектор Мевлан Рамадани отсваруваше обука под менторсво на Советник урбанистички инспектор Наташа Мирошниченко Велјановска, истиот ќе пристапи полагање за пазувани рокови за стекнување на лиценца и ќе биде предвидено за инспектиорање во Месечниот план за месец Септември.

**Критериуми за идентификување на субјектите на инспекциски надзор**

**(1)** Субјектите кои се предмет на инспекцискиот надзор согласно Законот за градење се, учесниците во изградбата и тоа:

- Инвеститор-носителот на правото за градење кој може да биде правно или физичко лице-лице кое се стекнало со право на градење;
- Изведувач-правно лице кое има право да ја изведува градбата;
- Инженер за изведба-физичко лице кое раководи со изградбата на градбата;
- Надзор над изградбата-правно лице кое има право да врши надзор над изградбата;
- Главен надзорен инженер-физичко лице кој има право да врши надзор над изградбата на градбата;
- Проектант-правно лице кое има право да врши проектирање;
- Главен проектант-физичко лице кој е должен проектот да го изработи согласно стандардите и нормативите за проектирање;
- Ревидент-правно лице кое има право да врши ревизија
- Главен ревидент-физичко лице кое има право да врши ревизија

Како субјект кој е предмет на инспекцискиот надзор согласно Законот за градење е и:

- Надлежен орган-орган кој ја води управната постапка и издава одобрение за градење и други пропишани акти, а се однесуваат за градби од значење за Републиката категоризирани како градби од прва категорија;
- ЕЛС-преку контрола на работењето на овластениот градежен инспектор

**Напомена:**

Како субјекти во инспекцискиот надзор може да се јават странски физички и правни лица, како и субјекти кои со ратификуван договор имаат право да учествуваат во изградбата која изградба се гради на територија на две држави.

**(2)** Согласно член 88 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 90/17, 64/18 и 168/18) урбанистичкиот инспектор врши инспекциски надзор врз урбанистичко планска документација согласно член 7 став (2) од законот и тоа во зависност од видот на градбата која е предмет на планирање се контролираат следните видови на урбанистичко планска документација и тоа:

- локална урбанистичко - планска документација;
- државна урбанистичко - планска документација;
- урбанистичко - планска документација за туристичко развојна зона;
- урбанистичко - планска документација за автокамп;
- урбанистичко - планска документација за градби од посебен интерес и
- инспекциски надзор врз урбанистичко – проектна документација.

  Согласно член 88 став (2) од овој закон субјектот на инспекциски надзор е органот кој ја одобрил урбанистичко – планската документација односно урбанистичко – проектната документација.

**(2.1)** Согласно член 84 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" 32/20 и 111/23) урбанистичките инспекторот проверува дали постапките за изработување, донесување и спроведување на урбанистичките планови се спроведени согласно одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на него.

**Република Северна Македонија**
**Министерство за транспорт и врски**
**Државен инспекторат за градежништво и урбанизам**

Но истовремено согласно член 93 од преодните одредби од истиот закон, урбанистичкиот инспектор врши надзор на започнатите постапки за донесување, како и постапките за изменување и дополнување на урбанистичките планови за кои е одобрена планска програма до денот на отпочнување на примена на овој закон, ќе продолжат согласно одредбите на законите според кои се започнати и ќе бидат завршени во рок од четири години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**(3)** Критериумите за идентификување субјекти не се посебно дефинирани, а обврската на субјектот на надзорот во постапката на инспекцискиот надзор прецизно се опишани во глава X и глава XI од Законот за инспекциски надзор („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр.102/19). Инспекторот за идентификување на субјектот на надзорот во согласност со законите соработува и со службите на Министерството за внатрешни работи, но постапката ја води согласно Законот за општа управна постапка (уредна достава).

*Табела 3 Преглед на вкупниот број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид во полугодието, по региони и општини ( 01.01.-30.06) 2024 година*

| Ред .бр. | Регион/општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вондреден надзор | Контролен надзор | | |
| | **Вардарски регион** | **1** | **2** | **0** | **3** | **0** |
| **1** | Велес | **1** | | | **1** | |
| **2** | Градско | | | | **0** | |
| **3** | Демир Капија | | **2** | | **2** | |
| **4** | Кавадарци | | | | **0** | |
| **5** | Лозово | | | | **0** | |
| **6** | Неготино | | | | **0** | |
| **7** | Росоман | | | | **0** | |
| **8** | Свети Николе | | | | **0** | |
| **9** | Чашка | | | | **0** | |
| | **Источен регион** | **1** | **2** | **1** | **4** | **0** |
| **10** | Берово | | | | | |
| **11** | Виница | | | | **0** | |
| **12** | Делчево | | **2** | | **0** | |
| **13** | Зрновци | | | | **2** | |
| **14** | Карбинци | | | | **0** | |
| **15** | Кочани | | | | **0** | |
| **16** | Македонска Каменица | | | | **0** | |
| **17** | Пехчево | | | | **0** | |
| | | | | | **0** | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 18 | Пробиштип | | | | 0 | |
| 19 | Чешиново | 1 | | 1 | 2 | |
| 20 | Штип | | | | 0 | |
| | **Југозападен регион** | 0 | 7 | 0 | 7 | 0 |
| 21 | Вевчани | | | | 0 | |
| 22 | Дебар | | | | 0 | |
| 23 | Дебарца | | | | 0 | |
| 24 | Кичево | | | | 0 | |
| 25 | Македонски Брод | | | | 0 | |
| 26 | Охрид | | 6 | | 6 | |
| 27 | Пласница | | | | 0 | |
| 28 | Струга | | | | 0 | |
| 29 | Центар Жупа | | 1 | | 1 | |
| | **Југоисточен регион** | 1 | 3 | 1 | 5 | 0 |
| 30 | Богданци | | | | 0 | |
| 31 | Босилово | 1 | | | 1 | |
| 32 | Валандово | | | | 0 | |
| 33 | Василево | | 1 | | 1 | |
| 34 | Гевгелија | | 2 | 1 | 3 | |
| 35 | Дојран | | | | 0 | |
| 36 | Конче | | | | 0 | |
| 37 | Ново Село | | | | 0 | |
| 38 | Радовиш | | | | 0 | |
| 39 | Струмица | | | | 0 | |
| | **Пелагониски регион** | 2 | 1 | 0 | 3 | 0 |
| 40 | Битола | 1 | 1 | | 2 | |
| 41 | Демир Хисар | | | | 0 | |
| 42 | Долнени | | | | 0 | |
| 43 | Кривогаштани | | | | 0 | |
| 44 | Крушево | 1 | | | 1 | |
| 45 | Могила | | | | 0 | |
| 46 | Новаци | | | | 0 | |
| 47 | Прилеп | | | | 0 | |
| 48 | Ресен | | | | 0 | |
| | **Полошки регион** | 1 | 2 | 0 | 3 | 0 |
| 49 | Боговиње | | | | 0 | |
| 50 | Брвеница | | | | 0 | |
| 51 | Врапчиште | | | | 0 | |
| 52 | Гостивар | | 1 | | 1 | |
| 53 | Желино | | 1 | | 1 | |
| 54 | Јегуновце | | | | 0 | |
| 55 | Маврово Ростуше | | | | 0 | |
| 56 | Теарце | | | | 0 | |
| 57 | Тетово | 1 | | | 1 | |
| | **Североисточен регион** | 2 | 4 | 2 | 8 | 0 |
| 58 | Кратово | | 1 | | 1 | |
| 59 | Крива Паланка | 1 | | | 1 | |
| 60 | Куманово | 1 | 3 | 2 | 6 | |
| 61 | Липково | | | | 0 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 62 | Ранковце | | | | 0 | |
| 63 | Старо Нагоричане | | | | 0 | |
| | **Скопски регион** | 10 | 9 | 0 | 19 | 0 |
| 64 | Аеродром | 1 | 1 | | 2 | |
| 65 | Арачиново | | | | 0 | |
| 66 | Бутел | | | | 0 | |
| 67 | Гази Баба | 2 | | | 2 | |
| 68 | Ѓорче Петров | 1 | 2 | | 3 | |
| 69 | Зелениково | | | | 0 | |
| 70 | Илинден | | 1 | | 1 | |
| 71 | Карпош | | 1 | | 1 | |
| 72 | Кисела Вода | 1 | 1 | | 2 | |
| 73 | Петровец | | | | 0 | |
| 74 | Сарај | | | | 0 | |
| 75 | Сопиште | | | | 0 | |
| 76 | Студеничани | | | | 0 | |
| 77 | Центар | 3 | | | 3 | |
| 78 | Чаир | 1 | 1 | | 2 | |
| 79 | Чучер Сандево | | | | 0 | |
| 80 | Шуто Оризари | | 1 | | 1 | |
| | **Вкупно** | 18 | ~~30~~ 31 | 4 | ~~52~~ 53 | 0 |

### 3.1 Споредба планирани реализирани инспекциски надзори по вид за полугодието (01.01-30.06) 2024 година

#### 3.1.1 Прикажани планирани надзори за полугодието (01.01-30.06) 2024 година



### 3.1.2 Прикажани се реализирани надзори по области за полугодието (01.01-30.06) 2024 година




### 3.2 Реализирани инспекциски надзори по региони

Преглед на вкупниот број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид во полугодието, по региони и општини.



* Податоци, согласно месечните планови и регистарот за извршени инспекциски надзори, Регистар – 6 (РИИ-6), период (01.01-30.06 ) 2024 година

**Обука на инспекторите и административните службеници**

(а) Обука на инспектори

Согласно член 50 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр 102/19), Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам има донесено Годишен план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор бр.04- 868/1 од 08.11.2023 година.

(б) Обука за административни службеници

- Согласно член 58 став 1 од Законот за административни службеници („Службен Весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16, 11/18, Службен Весник на Република Северна Македонија 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), за донесување на Годишен план за обуки за административни службеници од страна на органите и институциите, Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам има донесено и доставено до МИОА Годишен план за обуки за 2024 година бр.04-868/1 од 08.11.2023 година.

Во текот на извештајниот период во полугодието (01.01.-30.06) 2024 година, Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам имаше реализирано обуки и стручни оспособувања на советниците инспектори (согласно член 16-а точка 10 од Законот за инспекциски надзор), кои предвидува донесување и спроведување на годишни програми за стручно оспособување и усовршување на инспекторите

| **ПЛАНИРАНИ ОБУКИ (01.01.-30.06.) 2024 година** | | |
|---|---|---|
| **Назив на обуката** | **Организирани од** | **Одделение** |
| **1.1** Начела и организација, права, обврски и овластувања на инспекторите (Закон за инспекциски надзор) | Инспекциски совет | Одделение за инспекциски надзор од областа на градежништвото |
| **1.2** Инспекциски надзор (Закон за инспекциски надзор и Упатство за начинот на спроведување на инспекцискиот надзор) | Инспекциски совет | Одделение за инспекциски надзор од областа на градежништвото |
| **1.4** Постапување по претставки и предлози, прекршочни одредби (Закон за постапување по предлози и претставки) | Инспекциски совет | Одделение за инспекциски надзор од областа на градежништвото |
| **1.5 Канцералиско работење, архивско работење (Уредба за канцелариско и архивско работење)** | Инспекциски совет | Одделение за инспекциски надзор од областа на градежништвото |

| | | |
|---|---|---|
| **1.6 Компјутерска обработка на текст** | Инспекциски совет | Одделение за инспекциски надзор од областа на градежништвото |
| **1.7 Компјутерска обработка и табеларна пресметки** | Инспекциски совет | Одделение за инспекциски надзор од областа на градежништвото |
| **1.13** Спречување на корупција | Инспекциски совет | Одделение за инспекциски надзор од областа на градежништвото и Одделение за инспекциски надзор од областа на урбанизам |
| **1.12 Информатички систем за спроведување на инспекциски надзор, Е- Инспектор** | Инспекциски совет | Одделение за инспекциски надзор од областа на градежништвото |
| **1.1 Начела и организација, права, обврски и овластување на инспекторите ( Закон за инспекциски надзори)** | Инспекциски совет | Одделение за инспекциски надзор од областа на урбанизам |
| **1.2 Инспекциски надзор (Закон за инспекциски надзор и Упатство за начинот на спроведување на инспекцискиот надзор)** | Инспекциски совет | Одделение за инспекциски надзор од областа на урбанизам |
| **1.15 Информатички систем за спроведување на инспекциски надзор Е- инспектор** | Инспекциски совет | Одделение за инспекциски надзор од областа на градежништво |
| **1.8 Етика** | Инспекциски совет | Одделение за инспекциски надзор од областа на урбанизам |
| **1.9 Управување со време** | Инспекциски совет | Одделение за инспекциски надзор од областа на урбанизам |
| **1.10 Комуникација** | Инспекциски совет | Одделение за инспекциски надзор од областа на урбанизам |

Напомена: Во табелата се планираните обуки согласно Годишниот план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор бр. 04-868/1 од 08.11.2023 година.

| РЕАЛИЗИРАНИ ОБУКИ (01.01.-30.06.) 2024 година | | |
|---|---|---|
| **Назив на обуката** | **Организирани од** | **Одделение** |
| **1.13 Спречување на корупција** | Инспекциски совет | Одделение за инспекциски надзор од областа на урбанизам |

**Буџет и финансирање**

Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам се финансира со буџетски средства обезбедени со Буџетот на РСМ, одобрени на буџетска сметка 130056233263711 програма 1 подпрограма 19.

Во прилог се дадени вкупно одобрените буџетски средства за буџетската 2024 година со Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 (Сл. Весник на РСМ 287/2021), прикажани по категорија на расход (колона 4).

Реализација на расходите за првото полугодие од 2024 година од 01.01.2024 до 30.06.2024 година се прикажани во колона 5, а во колона 6 се прикажани останатите буџетски средства до 31.12.2024 година.

| Р.б р. | Опис на деловите на буџетот | Број на ставка | Одобрен буџет за 2024 | Реализирани средства 01.01.2024 - 30.06.2024 | Останати средства до 31.12.2024 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **1.** | **Вкупно одобрен буџет** | **741** | **19.769.000** | **9.546.896,00** | **10.222.104,00** |
| | Програма 19 Инспекторати | | | | |
| **2.** | **Основни плати** | **401** | **10.801.000,00** | **5.530.331,00** | **5.270.669,00** |
| **3.** | **Придонеси за социјално осигурување** | **402** | **4.191.000,00** | **2.156.471,00** | **2.034.529,00** |
| **4.** | **Надоместоци** | **404** | **275.000** | **0** | **275.000** |
| **5.** | **Патни и дневни расходи** | **420** | **70.000,00** | **8.000,00** | **62.000,00** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **6.** | **Комунални услуги** | **421** | **2.650.000,00** | **1.223.317,00** | **1.426.683,00** |
| **7.** | **Материјали и ситен инвентар** | **423** | **100.000,00** | **16.650,00** | **83.350,00** |
| **8.** | **Поправка и тековно одржување** | **424** | **350.000,00** | **281.543,00** | **68.457,00** |
| **9.** | **Договорни услуги** | **425** | **991.000,00** | **78.394,00** | **473.810,00** |
| **10.** | **Други тековни расходи** | **426** | **150.000,00** | **21.805,00** | **128.195,00** |
| **11.** | **Разни трансфери** | **464** | **91.000,00** | **73.272,00** | **17.728,00** |
| **12.** | **Купување на опрема и машини** | **480** | **100.000,00** | **0** | **51.000** |

Со законот за извршување на буџетот на РСМ за 2024 година се определени начинот и условите за извршување на буџетот за тековната фискална година. Како позначајни новини кај наведениот закон за 2024 година се:

- Остварување на правото на додаток на плата до 30% од износот на основната плата заради специфичност на работите и работните задачи и зголемен обем на работа на вработените во буџетските корисници на централната власт.

Во извештајниот период направени се едно намалување, за неискористување на средства во прво тромесечие од ставка 480, согласно Закон за извршување на буџетот:

- Намалување од ставка 480 - намалено за 49.000,00 денари.

Средствата кои беа побарани со предлог буџетската пресметка за 2024 година која се доставува до Министерство за финансии не се во целост одобрени со Буџетот за 2024 година.

Од наведената причина инспекторатот се соочува со нефункционалност поради недостиг на буџетски средства за реализација на проекти предвидени со Годишната програма за работа на Инспекторатот.

Како позначајни одобрени финансиски средства за кои Инспекторатот има потреба се средствата за набавка на нови возила за инспекциски надзор од причина што од осамостојувањето на инспекторатот е набавено само едно ново возило во 2019 година а останатите возила се обезбедени од Агенцијата за управување со одземен имот и голем дел од одобрените средства за таа намена се трошат за нивно сервисирање, набавка на соодветна ХТЗ опрема за инспекциски надзор на терен, Рушење на објекти т.е избор на фирма за рушење на бесправно изградени објекти.

## Меѓународна соработка

Мисијата на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, согласно надлежностите утврдени со закон како основна цел и приоритети на кои е сконцентриран се: основните барања за градбата, зависно од намената, а предвидено со параметрите од планската документација со цел градбите да бидат изведени и проектирани со висок квалитет односно со механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита со рационално уредување и користење на просторот за подобри услови во согласност со еколошките стандарди како и за хумано живеење и работа на граѓаните.

Доследно спроведување на Закон за градење, Закон за просторно и урбанистичко планирање, Законот за урбанистичко планирање и Закон за инспекциски надзор како и

усогласување на законодавството, согласно со правото на Европската унија и меѓународните стандарди и принципи.

Едно да укажеме, дека нема да се откажеме, ќе продолжиме да работиме многу на ова поле, низ трибини, разговори, дебати, размени на мислења, проекти и програми, се со цел за подобрување и усовршување на процесот на градба кој за нас е многу важен.

Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам како орган на државната управа надлежен за вршење на инспекциски надзор над спроведување на прописите од областа за која е надлежен (Закон за градење, Закон за просторно и урбанистичко планирање, Законот за урбанистичко планирање и Закон за инспекциски надзор), сервисно ориентиран цели да стане високо квалитетна институција, која со својата работа ќе придонесе во засилување на инспекцискиот надзор преку засилени надзори и ефикасно спроведување на законите за кои е надлежен, со капацитет за следење на начелото на Европскиот простор и ефективно транспонирање на законодавството на Европската унија.

Една од целите на современите системи е ние како институција да се избориме за Нашите слободи и права, каде преку Нашите идеи и размислувања и наоѓање на креативни решенија за проблемите и прашањата со кои се соочуваме ќе го подобриме процесотн на градење, а истовремено ќе дадеме инпут во љубопитност за осознавање на светот на начин кој ќе ги преиспитува однапред дефинираните вистини. Ние како професионалци треба да ги поттикнеме нашите колеги инженери и идни инвеститори и изведувачи да ги препознаат своите способности, да ги усовршуваат своите вештини и заедно со нашите инспектори да соработуваме во насока на остварување на заедничките цели кон градење на современи градби кој се функционални и ќе се вклопат во просторот на модерното живеење. Само така ќе можеме да создадеме генерации кои ќе го унапредат начинот на кој ги практикуваме секојдневните знаења, уки и активности и меѓусебно ќе соработуваме, се со цел за поефикасно и функционално творење во делот на градежништвото и архитектурата.

## Други активности на инспекциската служба

Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам како и секогаш е транспарентен кон медиумите односно отворен за соработка од секаков вид.

Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам има WEB страна, на која страна информациите се објавени по електронски пат и достапни до граѓаните со кои треба да ја потврдиме нашата транспарентност и стремеж за ефикасно, ефективно и квалитетно извршување на работите кои се во доменот на нашата законска и подзаконска регулатива која ја спроведуваме.

Безрезервно може да истакнеме дека Нашата WEB страна од ден во ден се повеќе се надргрaдува и станува подостапна со актуелности кои се дел од работењето на Инспекторатот, соопштенијата и настаните се лиферуваат на дневна основа и со самото тоа нивото на транспарентност од ден во ден е се подостапно до секој еден.

Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам се стреми во насока на специфичноста во извршување на своите задачи и обврски со тоа што остварува постојана комуникација и координација со Владата на Република Северна Македонија, Министерството за транспорт и врски, Управата за заштита на културното наследство, Министерството за внатрешни работи, Министерството за животна средина и просторно планирање, Агенцијата за катастар на недвижности, ТИРЗ, Агенцијата за државни патишта, Градот Скопје, Единиците на локалната самоуправа, Управата за јавни приходи и други државни органи кои претставуваат дел од процесот на градење или на некаков начин се во процесот на градење и урбанистичко планирање.

Донесен е стратешки план на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам за периодот 2022-2024 година со кој се дефинирани основните насоки на дејствување во следните 3 години во функција на остварување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија.

Воедно од страна на Директорот на инспекторатот во изминатиот период е вршен прием на странки и истиот присуствуваше на бројни работни средби и состаноци се во и за интерес на граѓаните.

Со цел користење на електронскиот систем за автоматизација на инспекциската постапка и инспекциското работење „е-инспектор", со кој се предвидува процесуирање на сите инспекциски надзори, инспекторите се опремени со нова ИТ опрема ( преносни компјутери и мултифункционални печатачи) потребна за функционирање на „е-инспектор".

Согласно со Законот за архивски материјал и прописите за канцелариското и архивското работење од страна на Директорот на инспекторот се формира комисија која отпочнаа и ја заврши ја постапката за уништување на документарниот материјал чиј рок за чување изминал.

Во делот на активностите напоменуваме дека сите пристигнати Барања за информации од јавен карактер уредно се нотираат и по истите се постапува после спроведен тест за штетност. Во периодот кој е предмет на овој извештај за работата на инспекциската служба за претходните шест месеци (01.01-30.06) 2024 година, до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам пристигнати се 2 (два) барања и по истите е постапено во позитивниот законски рок согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Програмските и извештајните документи, месечните планови, изработените листи за проверка се објавени на веб страницата на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам со цел навремено информирање на јавноста, која постојано се ажурира.

**Заклучоци и препораки**

Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам во овој извештаен период ги реализира редовните надзори предвидени со Годишниот планот за работа на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам за 2024 година, а воедно постапуваше по голем број на иницијативи за вршење на вонреден инспекциски надзори по однос на кои се преземени инспекцискиски дејствија утврдени со Закон за градење, Закон за просторно и урбанистичко планирање, Закон за урбанистичко планирање и Закон за инспекциски надзор, составени се соодветни инспекциски акти и за исходот од постапките се известени подносителите на истите.

Во изминатиот период се и преземаа и низа на активности во насока на институционално јакнење на инспекторатот, преку обезбедување на потребните обуки на вработените во насока на подобрување на квалитетот на работењето, опремување на инспекторите со нова ИТ опрема, зголемување на транспарентноста и отчетноста при работењето преку навремено донесување и објавување на програмските, извештајните документи и чек листите на веб страната на инспекторатот.

Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам и во иднина ќе се стреми кон унапредување на професионалното, стручното и транспаретното работење при извршување на надлежностите утврдени со Закон за градење, Закон за просторно и урбанистичко планирање, Закон за урбанистичко планирање и Закон за инспекциски

надзор. Инспекторатот ќе продолжи да соработува со Инспекцискиот совет и други институции на државно и локално ниво, во насока на подобра имлементација на законите и подзаконските акти врз кој овој орган врши инспекциски надзор како и подобрување на нивното работење.

Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, во овој извештаен период ги дава следните заклучоци и препораки.

**Препораки:**

- Да се даде акцент при планирање и реализирање на Планот за вработување и унапредување за 2024 година, за вработување на најмалку 4 или 5 инспектори во двете одделенија за инспекциски надзор од областа на гадрежништвото и урбанизмот, од причина што од самата анализа на годините на старост се добива слика дека инспекторатот ќе се соочи со проблем на недостиг на стручен кадар, планирање на пополнување по пат на интерен оглас на позициите кои ќе се испразнат врз основ на пензионирање се со цел да се даде потик и елан за работа на кадарот кој и биолошки ги исполнуваат условите за повисоките позиции на кој со своето искуство би дале придонес плус;
- Регулирање на законската регилатива со ефикасни, прецизни и поефективни закони, во делот на определување на надлежностите на инспекторите и
- Поголема ангажираност во делот на одобрување на Буџетски средства од предлог Буџетите во кои реално се опишани сите проблеми со кои се соочува инспекторатот при набавка на основни средства за поефикасно функционирање и спроведување на своите надлежности.

**Изработил:**
Бенкизе Фејзулахи
Помлад соработник

Табела 1 Преглед на бројот на инспектори кои вршеле инспекциски надзор во полугодието, по вид, возраст и звање

| Вид | Градежен инспектор | | | | | | Урбанистички инспектор | | | | | | Вкупно инспектори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-З вање/Возраст | <30 г. | 31-40 г | 41-50 г | 51-60 г | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г | 41-50 г | 51-60 г | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г | 41-50 г | 51-60 г | >60 г. | Вкупно |
| Б1 - генерален инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2 - главен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б3 - пом. главен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 - виш инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В1 - советник инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| В2 - самостоен инспектор | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| В3 - помошник инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4 - помлад инспектор | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Вкупно | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 | 3 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 2 | 0 | 1 | 4 |

**Табела 2 Преглед на нови вработувања и пензионирања на инспектори во полугодието**

| Вид | Градежен инспектор | | | Урбанистички инспектор | | | Вкупно инспектори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика |
| Б1 - генерален инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2 - главен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б3 - пом. глав. инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 - виш инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В1 - советник инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В2 - самостоен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В3 - помошник инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4 - помлад инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

*Табела 3 Преглед на вкупниот број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид во полугодието, по региони и општини*

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| | Вардарски регион | 1 | 2 | 0 | 3 | 0 |
| 1 | Велес | 1 | | | 1 | |
| 2 | Градско | | | | 0 | |
| 3 | Демир Капија | | 2 | | 2 | |
| 4 | Кавадарци | | | | 0 | |
| 5 | Лозово | | | | 0 | |
| 6 | Неготино | | | | 0 | |
| 7 | Росоман | | | | 0 | |
| 8 | Свети Николе | | | | 0 | |
| 9 | Чашка | | | | 0 | |
| | Источен регион | 1 | 2 | 1 | 4 | 0 |
| 10 | Берово | | | | 0 | |
| 11 | Виница | | | | 0 | |
| 12 | Делчево | | 2 | | 2 | |
| 13 | Зрновци | | | | 0 | |
| 14 | Карбинци | | | | 0 | |
| 15 | Кочани | | | | 0 | |
| 16 | Македонска Каменица | | | | 0 | |
| 17 | Пехчево | | | | 0 | |
| 18 | Пробиштип | | | | 0 | |
| 19 | Чешиново | 1 | | 1 | 2 | |
| 20 | Штип | | | | 0 | |
| | Југозападен регио | 0 | 7 | 0 | 7 | 0 |
| 21 | Вевчани | | | | 0 | |
| 22 | Дебар | | | | 0 | |
| 23 | Дебарца | | | | 0 | |
| 24 | Кичево | | | | 0 | |
| 25 | Македонски Брод | | | | 0 | |
| 26 | Охрид | | 6 | | 6 | |
| 27 | Пласница | | | | 0 | |
| 28 | Струга | | | | 0 | |
| 29 | Центар Жупа | | 1 | | 1 | |
| | Југоисточен регио | 1 | 3 | 1 | 5 | 0 |
| 30 | Богданци | | | | 0 | |
| 31 | Босилово | 1 | | | 1 | |
| 32 | Валандово | | | | 0 | |
| 33 | Василево | | 1 | | 1 | |
| 34 | Гевгелија | | 2 | 1 | 3 | |
| 35 | Дојран | | | | 0 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 36 | Конче | | | | 0 | |
| 37 | Ново Село | | | | 0 | |
| 38 | Радовиш | | | | 0 | |
| 39 | Струмица | | | | 0 | |
| | Пелагониски регио | 2 | 1 | 0 | 3 | 0 |
| 40 | Битола | 1 | 1 | | 2 | |
| 41 | Демир Хисар | | | | 0 | |
| 42 | Долнени | | | | 0 | |
| 43 | Кривогаштани | | | | 0 | |
| 44 | Крушево | 1 | | | 1 | |
| 45 | Могила | | | | 0 | |
| 46 | Новаци | | | | 0 | |
| 47 | Прилеп | | | | 0 | |
| 48 | Ресен | | | | 0 | |
| | Полошки регион | 1 | 2 | 0 | 3 | 0 |
| 49 | Боговиње | | | | 0 | |
| 50 | Брвеница | | | | 0 | |
| 51 | Врапчиште | | | | 0 | |
| 52 | Гостивар | | 1 | | 1 | |
| 53 | Желино | | 1 | | 1 | |
| 54 | Јегуновце | | | | 0 | |
| 55 | Маврово и Ростуша | | | | 0 | |
| 56 | Теарце | | | | 0 | |
| 57 | Тетово | 1 | | | 1 | |
| | Североисточен рег | 2 | 4 | 2 | 8 | 0 |
| 58 | Кратово | | 1 | | 1 | |
| 59 | Крива Паланка | 1 | | | 1 | |
| 60 | Куманово | 1 | 3 | 2 | 6 | |
| 61 | Липково | | | | 0 | |
| 62 | Ранковце | | | | 0 | |
| 63 | Старо Нагоричане | | | | 0 | |
| | Скопски регион | 10 | 9 | 0 | 19 | 0 |
| 64 | Аеродром | 1 | 1 | | 2 | |
| 65 | Арачиново | | | | 0 | |
| 66 | Бутел | | | | 0 | |
| 67 | Гази Баба | 2 | | | 2 | |
| 68 | Ѓорче Петров | 1 | 2 | | 3 | |
| 69 | Зелениково | | | | 0 | |
| 70 | Илинден | | 1 | | 1 | |
| 71 | Карпош | | 1 | | 1 | |
| 72 | Кисела Вода | 1 | 1 | | 2 | |
| 73 | Петровец | | | | 0 | |
| 74 | Сарај | | | | 0 | |
| 75 | Сопиште | 1 | 1 | | 2 | |
| 76 | Студеничани | | | | 0 | |
| 77 | Центар | 3 | | | 3 | |
| 78 | Чаир | 1 | 1 | | 2 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 79 | Чучер-Сандево | | | | 0 | |
| 80 | Шуто Оризари | | 1 | | 1 | |
| ВКУПНО | | 18 | 30 | 4 | 52 | 0 |

Република Северна Македонија
**Инспекциски совет**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Këshilli Inspektues**

Арх. знак ______
Рок на чување ______
______ 20 ___ год.
Потпис,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ
MINISTRIA E TRANSPORTIT
Државен инспекторат за градежништво и урбанизам - Скопје
Inspektorati Shtetëror për Ndërtimtari dhe Urbanizëm - Shkup

| Примено: Pranuar më: | 04.09.2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 01 | 377/2 | | |

Арх. број/Num.ark: 12-652/3
Датум/Data: 27-08-2024

**Г-дин Зулхер Рецепи, директор**
**Државен инспекторат за градежништво и урбанизам**
**Ул. „Гоце Делчев“ бр. 18,**
**1000 Скопје, Република Северна Македонија**

**Предмет:** **Заклучок од 373-та седница на Инспекциски совет**

**Врска (Ваш број): 01-377од 15.07.2024 година**

Почитуван Г-дин Рецепи,

Во согласност со член 35, став (3) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 102/19), Инспекцискиот совет на продолжениeто на својата 373-та седница, одржана на 26.8.2024 година, го разгледа и дава позитивно мислење на Извештајот за работа на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам за периодот јануари-јуни 2024 година.

Се укажува на инспекциската служба во иднина до го подобри планирањето на вонредните инспекциски надзори.

Доколку веќе не е постапено во согласност со член 35, став (1) од Законот за инспекциски надзор, потребно е инспекциската служба во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, веднаш по добивањето на ова мислење, да го објави Извештајот на веб страницата на инспекциската служба и истиот да се прикачи на системот Е-инспектор.

Искрено,

Претседател на Инспекциски совет
Даниела Рендевска

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ - KËSHILLI INSPEKTUES
Скопје
Shkup

Подготвил: Сања Димеска Стојковска, советник
Прегледал: м-р Сашо Мержаноски, генерален секретар
Одобрил: Ресул Шемо - член на Инспекциски совет
надлежен од областа на градежништво, урбанизам и транспорт